Република Северна Македонија

**Министерство за
јавна администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 16-2392/10
12. 06 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 90 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 294/21 и 101/25), а во врска со Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 122/20), Министерот за јавна администрација, ја донесе следната

# ПРОЦЕДУРА

# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

## I. ОСНОВНА ОДРЕДБА

### Член 1

Со оваа Процедура се пропишува:

- начинот на вршење на видео надзор во просториите на Министерството за јавна администрација (во натамошниот текст: министерството) во својство на контролор со 8 дигитални камери;
- техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување тајност и заштита на личните податоци преку вршењето на видео надзорот;
- рокот на чување на видео записите, начинот на бришење;
- начинот на правење на сигурносна копија; и
- правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Цели на видео надзорот

### Член 2

Преку системот за видео надзор во министерството се обезбедува заштита на сопственоста на министерството, како и контрола на влегувањето и излегувањето од службените простории на министерството.

Потребата од вршење видео надзор во просториите на министерството е подетално разработена во Анализата на целите за кои се поставува видео надзорот во министерството

и Образецот на Анализата на целта, односно целите за кои се поставува видеонадзорот (Прилог бр. 1).

**Опис на системот за вршење на видео надзор**

**Член 3**

Видео надзорот се врши преку 7 (седум) камери поставени во внатрешноста на работниот простор на министерството и 1 (една) камера поставена во работниот простор на Центарот за обуки на министерството, лоциран во населбата Аеродром. Сликите на камерите на секоја локација се пренесуваат на еден уред за дигитално снимање (DVR), т.е. по еден уред за секоја локација.

Камерата бр. 1 го снима просторот пред систем салата на министерството која се наоѓа на приземје во зградата во кое е сместено министерството, вклучително и влезот на ходникот каде се наоѓаат канцелариите на министерството. Камерата бр. 2 го снима влезот од кабинетот на министерот, кој се наоѓа на приземје во зградата во кое е сместено министерството. Камерата бр. 3 го снима влезот на ходникот кој се наоѓа на 2 кат во зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 4 ја снима внатрешноста на магацинот на министерството, кој се наоѓа во ходникот на 2 кат од зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 5 го снима ходникот на приземје од зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 6 го снима ходникот на 2 кат од зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 7 ја снима внатрешноста на систем салата на министерството, која се наоѓа на приземје на зграда во кое е сместено министерството. Камерата поставена во Центарот за обуки на министерството лоциран во населбата Аеродром, го снима главниот влез на Центарот за обуки.

Сите камери секогаш се на "stand by" начин на работа и започнуваат да снимаат во моментите кога детекторите за движење (кои се составен дел на камерите) ќе детектираат движење во просторот кој го покриваат камерите.

Видео записите се чуваат на тврдиот диск од уредот за дигитално снимање или на надворешен медиум. Уредот за дигитално снимање во зградата во кое е сместено министерството е поставен во систем салата која се наоѓа на приземје, додека уредот за дигитално снимање на Центарот за обуки е поставен во една од просториите на Центарот за обуки. Пристап и право на употреба на уредите за дигитално снимање имаат само лица овластени од страна на министерот или државниот секретар.

Кон системот за видео надзор, поставен во зградата во кое е сместено министерството, се пристапува од било која работна станица поврзана на внатрешниот дел од информацискиот систем на министерството, преку веб пристап со користење на корисничко име и лозинка. Кон системот за видео надзор поставен во Центарот за обуки се пристапува од било која работна станица поврзана на внатрешниот дел од информацискиот систем кој се користи на

таа локација, преку веб пристап со користење на корисничко име и лозинка. Исто така, кон овој систем може да се пристапи и преку интернет веб пристап со користење на корисничко име и лозинка. Нивото на пристап и правото на употреба на уредите за дигитално снимање на овластените лица се дефинира во самиот софтвер за управување со уредите, по претходно одобрување за истите од страна на министерот или државниот секретар.

Снимените записи од камерите се чуваат на тврдиот диск од уредите за дигитално снимање.

**Периодична оценка**

**Член 4**

Министерството на секои две години врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор, а особено за:

- понатамошна потреба од користењето на на системот за вршење на видео надзор;
- целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- можни технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор;
- статистички показатели за пристапот до снимките направени од видео надзорот; и
- начинот на искористување на снимките.

За извршената периодична оценка од став 1 на овој член министерството изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор во министерството.

**Обработка на лични податоци**

**Член 5**

Преку системот за вршење на видео надзорот во министерството се обработуваат следните категории на лични податоци:

- физичкиот изглед на странките кои влегуваат и излегуваат од простории на министерството; и
- физичкиот на вработените во министерството.

**Технички мерки**

**Член 6**

Министерството ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор и тоа:

- единствено корисничко име;

- лозинка креирана од секое овластено лице, составена од соодветна комбинација од најмалку 8 алфанумерички карактери и специјални знаци, што се менува автоматски по изминат временски период не подолг од 3 месеци;
- корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до системот за видео надзор во целина или до поединечни апликации;
- автоматизизација со пре-аларм, не подолг од 15 секунди;
- автоматизирано отфрлање од системот за видео надзор после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка);
- софтверска заштитна мрежна бариера ("firewall") или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
- приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

**Организациски мерки**

**Член 7**

Министерството ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видео надзорот и тоа:

1. Ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само овластени лица од страна на претседателот на министерството може да имаат пристап до системот за видео надзор;
2. Секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видео надзорот во однос симнување и снимање на видео записите, за што добива писмено овластување;
3. Уништување на видео записите по истекот на законскиот рок од 30 (триесет) дена за нивно чување и почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор; и
4. Почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор.

Овластувањето од став 1, точка 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

## Евидентирање на пристапот и увидот

### Член 8

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор министерството води евиденција, која ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице;
- датум и време на пристапување;
- цел за пристапување;
- датум и час на направената снимка до која се пристапува;
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот;
- вид на медиум во кој е содржана снимката на видео надзорот.

Евиденцијата е дадена во прилог на оваа Процедура и е составен дел на оваа Процедура (Прилог бр. 2).

## Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор

### Член 9

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор во министерството има администраторот на системот/одговорно лице за вршење на видео надзор, или лице од редот на вработените во министерството, кое со посебен акт е овластено од претседателот на министерството да го контролира и одржува системот за видео надзор и да има пристап во архивата на снимениот материја (записи) и во централната компјутерска единица (компјутер) за видео надзор согласно закон.

Со посебен акт, Министерот за јавна администрација може да овласти и друго лице за пристап во архивата на снимениот материјал (записи) и во централната компјутерска единица (компјутер) за видео надзор.

Овластените лица од ставовите 1 и 2 на овој член, пред нивното отпочнување со работа или пред пристапот до системот за видео надзор на министерството, своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Образецот на изјавата од став 3 на овој член е дадена во прилог на оваа Процедура и е нејзин составен дел (Прилог бр. 3).

### Рок на чување на снимките и прегедување на снимен материјал

### Член 10

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард дискот на персоналниот компјутер каде што пристап имаат само администраторот на информацискиот систем и административните службеници овластени за контрола над влезот во министерството.

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од хард дискот на кој што се чуваат.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат и во подолг временски период, од периодот наведен во став 2 на овој член, ако е потребно согласно закон, но не подолго од исполнување на целите.

### Известување за вршење на видео надзор

### Член 11

На влезот во министерството на видливо и јасно место е истакнато известување дека се врши видео надзор кое содржи:

- дека се врши видео надзор;
- за името на контролорот кој го врши видео надзорот и
- за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот на видео надзорот.

Известувањето од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Прилог број 4).

### Технички спецификации на опремата

### Член 12

За спроведување на видео надзорот во зградата во која е сместено министерството се користи систем од 7 (седум) статични камери кои снимаат во боја.

За спроведување на видео надзорот во Центарот за обуки на министерството лоциран во населбата Аеродром се користи систем со 1 (една) статична камера која снима во боја.

Камерите од став 1 на овој член се модел DOME (позиција 2, 3, 4 и 7) и PTZ (позиција 1, 5 и 6), без опција за снимање во услови на намалена видливост и без функции за зумирање и за скенирање. Камерата од став 2 на овој член е модел DOME, без опција за снимање во услови на намалена видливост и без функции за зумирање и за скенирање.

Уредот за дигитално снимање во зградата во која е сместено министерството е модел HA – 855 B, од производителот FUHO, со следните технички карактеристики:

- Капацитет на снимање – 1 тврд диск со капацитет од 2 TB;
- За обезбедување на сигурносна копија се користи USB порта;
- На располагање се 8 канали за видео влез;

- Резолуција на снимање – највисока (720 x 576), висока (720 x 288) и нормална (360 x 288);
- Frame rate за снимање: 200 FPS max;
- Препознавање на движење во подрачјето на снимање;
- Сигурен пристап по пат на лозинки за администраторот на системот и за 16 корисници;
- Начини на снимање – мануелно и автоматски (во дефинирани временски интервали или настани); и
- Пребарување на снимките по пат на датуми и време.

Уредот за дигитално снимање во Центарот за обуки на министерството лоциран во населбата Аеродром е модел DS – 7204 HVI – SV, од производителот HIK VISION, со следните технички карактеристики:

- Капацитет на снимање – 1 тврд диск со капацитет од 500 GB;
- За обезбедување на сигурносна копија се користи USB порта;
- На располагање се 4 канали за видео влез;
- Резолуција на снимање – највисока (1920 x 1080), висока (1280 x 1024), средна (1280 x 720) и нормална (1024 x 768);
- Frame rate за снимање: 30 FPS max;
- Препознавање на движење во подрачјето на снимање;
- Сигурен пристап по пат на лозинки за администраторот на системот и за 16 корисници;
- Начини на снимање – мануелно и автоматски (во дефинирани временски интервали или настани); и
- Пребарување на снимките по пат на датуми и време.
-

**План за поставеноста на системот за видео надзорот**

**Член 13**

Графичкиот приказ за поставеноста на системот за видео надзор во министерството, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локацијата на местото каде што е поставена камерата се содржани во Планот кој е составен дел на овој правилник (Прилог бр. 5).

**Супсидијарна примена**

**Член 14**

При обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за техничките и организациски мерки за

Прилог бр. 1

Врз основа на член 90 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 294/21 и 101/25), а во врска со Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/20), Министерот за јавна администрација, ја донесе следната

## АНАЛИЗА НА ЦЕЛИТЕ ЗА КОИ СЕ ПОСТАВУВА ВИДЕО-НАДЗОРОТ ВО МИНИСТЕРСТВОТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Поради законските надлежности и природата на дејноста, како и заради локацијата на деловните простории, во и пред просториите на Министерството за јавна администрација, има зголемена секојдневна фреквенција на посетители како заинтересирани страни од редот на граѓаните, други државни органи и правни лица, поради што се наметнува потребата да се врши обезбедување на влезот и излезот во службените простории преку воспоставување на систем за вршење на видео надзор.

Покрај ова во работните канцеларии има и соодветна техничка опрема (персонални компјутери, сервери, фотокопири, скенери и друга опрема) која може да биде предмет на незаконско отуѓување.

Следствено на последното, со поставувањето на видео надзорот ќе се овозможи соодветна заштита на сопственоста на Министерството за јавна администрација од неовластен пристап, кражба или друга форма на нејзино загрозување и ќе се обезбеди контрола над влезот и излезот од просториите на министерството, како за време на работното време, така и по истекот на работното време, односно и во неработните денови.

Видео надзорот се поставува единствено заради исполнување на целите кои се однесуваат на:

- заштита на сопственоста на министерството;
- заштита на податоците од областа на водењето на регистри и други бази за размена на податоци;
- контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на министерството;

Снимките направени во текот на спроведувањето се чуваат 30 (триесет) дена на тврдиот диск од уредот за дигитално снимање, а откако ќе истече овој рок истите автоматски се отстрануваат. Доколку се процени дека за да се овозможи реконструкција на настаните кои довеле до можна злоупотреба или отуѓување на дел од материјалните средства на министерството, може снимките да се чуваат и во рок подолг од 30 (триесет) дена.

Видео надзорот над просторот пред влезот во министерството е поставен превентивно со цел заштита на сопственоста на министерството, во близина на деловниот простор на

Прилог бр. 3

Врз основа на член 90 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 294/21 и 101/25) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/2020), на ден ____________ година јадавам следната:

**И З Ј А В А**

**за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор**

Јас, долупотпишаниот/ната, ________________________________________,

(име и презиме)

____________________________________________ во Одделение за ________________

(звање и работно место):

, во Секторот за ____________________________________________________________,

согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/2020) и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во Министерството за јавна администрација, се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Министерството за јавна администрација;
- на трети лица надвор од Министерството за јавна администрација и на други лица од Министерството за јавна администрација нема да издавам било каков податок од збирките на лични податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознаам при работата во Министерството за јавна администрација.

Потпис,

__________________________

Прилог бр. 4




**Контролор: Министерство за јавна администрација**

Информации: да се стави телефонски број

Прилог бр. 5

## ПЛАН ЗА ПОСТАВЕНОСТ НА ВИДЕО-НАДЗОРОТ

Видео надзорот се врши преку 7 (седум) камери поставени во внатрешноста на работниот простор на министерството и 1 (една) камера поставена во работниот простор на Центарот за обуки на министерството лоциран во населбата Аеродром. Сликите на камерите на секоја локација се пренесуваат на еден уред за дигитално снимање (DVR) т.е. по еден уред за секоја локација.

Камерата бр. 1 го снима просторот пред систем салата на министерството која се наоѓа на приземје во зградата во кое е сместено министерството, вклучително и влезот на ходникот каде се наоѓаат канцелариите на министерството. Камерата бр. 2 го снима влезот од кабинетот на министерот, кој се наоѓа на приземје во зградата во кое е сместено министерството. Камерата бр. 3 го снима влезот на ходникот кој се наоѓа на 2 кат во зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 4 ја снима внатрешноста на магацинот на министерството кој се наоѓа во ходникот на 2 кат од зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 5 го снима ходникот на приземје од зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 6 го снима ходникот на 2 кат од зградата во кое е сместено министерството, каде се наоѓаат дел од канцелариите на министерството. Камерата бр. 7 ја снима внатрешноста на систем салата на министерството, која се наоѓа на приземје на зграда во кое е сместено министерството. Камерата поставена во Центарот за обуки на министерството лоциран во населбата Аеродром, го снима главниот влез на Центарот за обуки.

Сите камери секогаш се на "stand by" начин на работа и започнуваат да снимаат во моментите кога детекторите за движење (кои се составен дел на камерите) ќе детектираат движење во просторот кој го покриваат камерите.

Видео записите се чуваат на тврдиот диск од уредот за дигитално снимање или на надворешен медиум. Уредот за дигитално снимање во зградата во кое е сместено министерството е поставен во систем салата која се наоѓа на приземје, додека уредот за дигитално снимање на Центарот за обуки е поставен во една од просториите на Центарот за обуки. Пристап и право на употреба на уредите за дигитално снимање имаат само лица овластени од страна на министерот или државниот секретар.

Кон системот за видео надзор поставен во зградата во кое е сместено министерството се пристапува од било која работна станица поврзана на внатрешниот дел од информацискиот систем на министерството, преку веб пристап со користење на корисничко име и лозинка. Кон системот за видео надзор поставен во Центарот за обуки се пристапува од било која работна станица поврзана на внатрешниот дел од информацискиот систем кој се користи на таа локација, преку веб пристап со користење на корисничко име и лозинка. Исто така, кон овој систем може да се пристапи и преку интернет веб пристап со користење на корисничко

име и лозинка. Нивото на пристап и правото на употреба на уредите за дигитално снимање на овластените лица се дефинира во самиот софтвер за управување со уредите, по претходно одобрување за истите од страна на министерот или државниот секретар.

Снимените записи од камерите се чуваат на тврдиот диск од уредите за дигитално снимање.

2. Графички приказ на поставеноста на камерата за вршење на видео надзор:

Министер за јавна администрација
Горан Минчев